

УНИ Банка АД Скопје има потреба од мотивирани и одговорни кандидати за вработување на следната работна позиција:

# Референт во Сектор општи небанкарски дејности при Служба за Небанкарски дејности

## Опис на работното место:

Кандидатот ќе биде одговорен за координирање и реализација на активности поврзани со небанкарското оперативно функционирање на Банката, со акцент на логистичка поддршка, управување со надворешни соработници и грижа за деловната инфраструктура.

## Потребни квалификации:

- Завршено најмалку средно образование;
- Професионален однос, флексибилност и енергичност;
- Одлични организациски и комуникациски способности;
- Способност за работа во динамична средина, во соработка со различни надворешни соработници и добавувачи;

- Способност за решавање проблеми и донесување на брзи одлуки;
- Познавање на MS Office (Word, Excel, Outlook);
- Возачка дозвола Б категорија - активен возач.

## Работни активности:

- Координација и надзор на активности за отворање, затворање и реновирање на деловни простории;
- Тековна грижа и редовни сервиси за возниот парк, системи за греење/ладење, електрични и водоводни инсталации, технички прегледи, лифтови, мебел и опрема;
- Примо-предавање на деловни простории, како и одјава/пријава на водомери и струјомери при закуп или напуштање на деловен простор;
- Учество во редовно годишно осигурување на имот, пријава, следење и реализација на штети;
- Координирање и надзор на активности за одржување хигиена во деловните простории;
- Преземање и испорака на пратки;
- Активно учество во процесот за поставување и повлекување на банкомати;
- Набавка и испорака на канцелариски и други потрошни материјали.

## Бенефиции:

- Политика за наградување преку систем на бонуси;
- Обуки за личен и професионален развој;
- Колективно осигурување од незгода, дополнително здравствено осигурување;
- Спортски и тим билдинг активности;

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат наведените услови, потребно е да испратат кратка биографија на македонски јазик на jobs@unibank.com.mk, **најдоцна до 25.07.2025 година.**

*Вашата апликација ќе се третира строго доверливо. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификации и услови ќе бидат повикани на интервју. Процесот на селекција ќе биде финализиран во законски обврзаниот рок во зависност од бројот на апликанти. Со аплицирање за оваа работна позиција, се согласувате Банката да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Банката за регрутациски потреби согласно законските прописи.